Врз основа на член 13 од Законот за изменување и дополнување на Законот за личната карта ("Службен весник на Република Македонија" бр. 19/2007), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЧНАТА КАРТА, ОБРАЗЕЦОТ НА ПОТВРДАТА ЗА ПОДНЕСЕНО БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЧНАТА КАРТА, ОБРАЗЕЦОТ НА ЛИЧНАТА КАРТА, ПОСТАПКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ И ЗАМЕНА НА ЛИЧНАТА КАРТА И ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ИЗДАДЕНИТЕ ЛИЧНИ КАРТИ

## I. Општа одредба

Член 1

Со овој правилник се пропишува образецот на барањето за издавање на личната карта, образецот на потврдата за поднесено барање за издавање на личната карта, образецот на личната карта, постапката за издавање и замена на личната карта, како и за начинот на водење на евиденција за издадените лични карти.

## II. Образец на барање за издавање на личната карта

Член 2

За издавање на лична карта лично се поднесува барање од лицето-подносител до подрачната единица на Министерството за внатрешни работи каде што лицето има живеалиште (Образец број 1 и Образец број 2).

Образецот на барањето број 1 е испечатен на македонски јазик и неговото кирилско писмо, и податоците во него се испишуваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо, а граѓаните кои зборуваат јазик различен од службениот јазик, на нивно лично барање, податоците за личното име ги испишуваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот и писмото што го употребува граѓанинот.

За граѓаните кои зборуваат службен јазик, различен од македонскиот јазик, образецот на барањето број 2 е испечатен на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на службениот јазик и писмото што го употребува граѓанинот, а податоците во него се испишуваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на службениот јазик и писмото што го употребува граѓанинот.

Обрасците од став 1 на овој член се составен дел на овој правилник.

Член 3

Барањето за издавање на лична карта содржи: подрачна единица на Министерството за внатрешни работи до која се поднесува барањето; предмет за барањето; податоци за подносителот на барањето и тоа: име и презиме, за омажени моминско презиме, име на родители, ден, месец и година на раѓање, место на раѓање, матичен број, пол, национална припадност, живеалиште и адреса, државјанство; податоци за претходен документ на подносителот и тоа: претходно живеалиште и адреса, број на претходна лична карта и орган кој ја издал; податоци за малолетни деца на подносителот на барањето, согласност на родителите-старател и нивни податоци (презиме, име, матичен број, сродство и потпис на родителот-стартелот); забелешка; дата и подрачна единица на Министерството за внатрешни работи на поднесување; потпис на подносителот и потпис на службено лице кое го примило барањето.

## III. Образец на потврда за поднесено барање за издавање на личната карта

Член 4

Врз основа на поднесеното барање од членот 3 на овој правилник за секоја издадена лична карта, овластеното службено лице врши проверка на вистинитоста на податоците во службената евиденција на Министерството за внатрешни работи и доколку утврди идентичност на податоците на лицето му издава потврда за поднесено барање за лична карта и за начинот на испишување на податоците во личната карта (во натамошниот текст: потврда) (Образец бр.3 и Образец бр. 4).

Потврдата е составена од два дела меѓу себе перфорирани.

Првиот дел од потврдата содржи: подрачна единица на Министерството за внатрешни работи која ја издава потврдата, барање за лична карта Тип А, причина за поднесување на барањето, јазик на кој се поднесува барањето, постапка, број на барањето, матичен број, лични податоци за подносителот на барањето за издавање на лична карта (во натамошниот текст: подносител) и административни податоци.

Од личните податоци за подносителот потврдата содржи: презиме и име на подносителот, место на раѓање, датум на раѓање, пол, државјанство, фотографија и потпис на подносителот, живеалиште, адреса, податоци за родителите/старатели (сродство, матичен број и име и презиме).

Од административни податоци потврдата содржи: датум и место на поднесување на барањето, службеник за пријавување, потпис на барателот со кој ја докажува согласноста со податоците во потврдата, потпис на службеникот кој ја примил потврдата, согласност за издавање на лична карта на малолетно лице односно потпис на родители/старатели, потребни документи за барањето, како и број на лична карта, датум на издавање, важност, датум и место на подигање на личната карта, потпис на службеното лице кое ја врачило личната карта, потпис на службеното лице кое го одобрило барањето и потпис на примателот.

Со вториот дел од потврдата се потврдува приемот на барањето за издавање на лична карта и содржи: број на барање, име и презиме на подносителот, пол, датум на раѓање, матичен број, тип на документ, место и датум на поднесување и потпис на службеното лице.

Подносителот ја потпишува потврдата од ставот 1 на овој член и на тој начин се согласува со внесените податоци.

По потпишувањето на потврдата, долниот перфориран дел од потврдата му се дава на подносителот, кој треба да ја приложи при подигнување на личната карта.

Обрасците од став 1 на овој член се составен дел на овој правилник.

## IV. Образец на личната карта

Член 5

Образецот на личната карта е изработен на повеќеслојна поликарбонатска картичка, со позадина изработена во посебно утврден технички дизајн во правоаголна форма со димензии 54,00 x 85,6 мм и се состои од две страни во светло сина боја (Образец бр.5 и Образец бр.6).

Предната страна од образецот на личната карта ги содржи следниве податоци: во горниот лев агол натпис "РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА", а под него назив "ЛИЧНА КАРТА"; во горниот десен агол натпис на англиски јазик „REPUBLIC OF MACEDONIA",а под него назив на англиски јазик „IDENTITY CARD"; на левата страна: национална ознака – МКД, простор за фотографија; во централниот средишен дел на образецот се наведени податоци за имателот на личната карта: презиме, име,

државјанство, пол, датум на раѓање, матичен број, датум на издавање на личната карта и датум на важење на личната карта и потпис на имателот на личната карта. Во горниот десен агол централно поставен и во боја испечатен е грбот на Република Македонија, а во долниот лев агол, под личната фотографија е содржан бројот на личната карта.

Задната страна од образецот за личната карта на левата страна ги содржи следниве податоци: место на раѓање на имателот на личната карта, живеалиште, адреса на имателот, надлежен орган кој ја издал личната карта и бројот на личната карта. Во долниот дел по должината на целата задна страна има машински читлив дел.

Податоците на предната и задната страна од образецот на личната карта се отпечатени на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на англиски јазик и истите се ласерски гравирани.

Образецот на личната карта број 6 ги содржи истите податоци како и образецот на личната карта број 5, при што е испечатен на македонски јазик и неговото кирилско писмо, службениот јазик и писмо што го употребува граѓанинот, а е различен од македонскиот јазик и на англиски јазик.

Обрасците од став 1 на овој член се составен дел на овој правилник.

## V. Постапка за издавање и замена на личната карта

Член 6

Лична карта се издава врз основа на лично поднесено барање од лицето до подрачната единица на Министерството за внатрешни работи каде што има живеалиште и адреса.

Со барањето за издавање лична карта за прв пат граѓанинот приложува доказ за идентитет (извод од матична книга на родените) и доказ за државјанство на Република Македонија.

Кога местото на раѓањето и живеалиштето на лицето кое првпат поднесува барање за издавање на лична карта се на подрачјето на иста општина, податоците за раѓањето на лицето се утврдуваат по службена должност од матичната евиденција на родените, а државјанството од евиденцијата за државјани на Република Македонија.

Во барањето за издавање на лична карта, во рубриката забелешка, ќе се констатира начинот на кој се утврдени податоците.

При поднесување на барање за издавање на прва лична карта на лице до 18 години живот, потребно е лично присуство на родителите, законскиот застапник или старателот, како и нивна согласност дадена пред службеното лице.

Член 7

При поднесување на барањето за издавање на лична карта од лицето се земаат биометриските податоци- фотографија и отпечатоци од два прста.

Фотографија со димензии 21x27 мм, се прибавува со фотографирање на лицето при поднесување на барањето за издавање на лична карта, при што истата е идентична и одговара на изгледот на подносителот на барањето. Фотографијата се пренесува и чува во електронска база на податоци.

Подносителот на барањето, согласно ICAO стандардот, се фотографира од лице (ан фас), со неутрален и јасен израз и без било каква покривка на лицето, на обична позадина во светла боја, без присуство на други лица или предмети. Доколку лицето носи очила, истите не можат да ги покриваат очите и да покажуваат одблесок на светлина. При фотографирањето, лицето не треба да носи покривка на главата (капа, шамија и сл.), освен во одредени случаи, кои се однесуваат на посебни околности утврдени од страна на органот што ја издава личната карта (религиозни, медицински или културни).

При поднесување на барањето за издавање на лична карта од лицето се замаат отпечатоци од двата показалци од двете раце. Доколку на подносителот на барањето му недостасува некој од овие два прста се зема отпечаток од наредниот прст од раката и истото се евидентира во службените евиденции. Доколку подносителот на барањето нема една рака се зема отпечаток од показалецот од другата рака. Доколку лицето нема две раце службеното лице ја констатира состојбата со евидентирање во службената евиденција.

При поднесување на барањето за издавање на лична карта лицето своерачно се потпишува како на самото барање така и на електронско перниче за потпишување. Потписот земен од електронското перниче се пренесува и чува во електронска база на податоци.

Доколку подносителот на барањето е неписмен, тогаш службеното лице тоа го констатира во службената евиденција.

Член 8

При поднесување на барање за замена на личната карта (промена на лично име, оштетена или дотраена лична карта, истекување на рокот на важноста, промена на живеалиштето или адресата на станот), податоците во барањето се утврдуваат врз основа на претходната лична карта и податоците од службената евиденција. Со барањето, подносителот приложува доказ за извршената промена на личното име, на живеалиштето или на адресата на станот.

По поднесување на барањето од став 1 на овој член на лицето му се издава нова лична карта.

Заменетата лична карта се поништува со дупчење на образецот.

По исклучок од став 3 на овој член личната карта која е претходно поништена може да се врати на имателот на негово барање.

Кога лицето поднесува барање за издавање на нова лична карта од причина што порано издадената лична карта ја загубило или на друг начин останало без неа, податоците од барањето се утврдуваат врз основа на податоците од службената евиденција.

Лицето кое ја загубило личната карта, ја објавува како загубена во „Службен весник на Република Македонија", пред да поднесе барање за издавање на нова лична карта.

Во случаите кога службената евиденција ја води подрачна единица на Министерството за внатрешни работи на друга општина или друг државен орган, од подносителот на барањето од ставовите 1 и 5 на овој член може да се бара да донесе на увид и исправи со кои се докажува вистинитоста на податоците наведени во барањето (извод од матична книга на родените, извод од матична книга на венчаните, уверение за државјанство и слично).

Во барањето од ставовите 1 и 5 на овој член и во службените евиденции во рубриката ,,забелешка" ќе се констатира на кој начин се утврдени податоците.

Член 9

Во оправдани случаи (болест, физичка спреченост и слично), барањето за издавање на лична карта може да биде поднесено и личната карта може да биде издадена и надвор од просториите на подрачната единица на Министерството за внатрешни работи, при што лицето ги сноси трошоците за превоз до местото на поднесување на барањето и издавање на личната карта.

## VI. Начин на водење на евиденција за издадените лични карти

Член 10

Евиденцијата за издадени лични карти се води автоматизирано, преку хронолошки преглед за секоја редоследно издадена лична карта на лицето во системот за автоматска обработка на податоци и тоа:

- регистар за примени барања за издавање на лична карта и
- регистар на издадени лични карти.

Член 11

Регистарот за примени барања за издавање на лична карта ги содржи следните рубрики: реден број, датум на прием, презиме и име, матичен број, место на живеење, вид на барање и видот на образецот на личната карта.

Регистарот за издадени лични карти ги содржи следните рубрики: реден број, регистарски број на личната карта, датум на издавање на личната карта, презиме и име на подносителот на барањето, датум и место на раѓање, матичен број, вид на барање и вид на образецот на личната карта.

## VII. Преодни и завршни одредби

Член 12

Со денот на отпочнувањето на примената на овој правилник престанува да важи Правилникот за образецот на личната карта, постапката за издавање и замена на личната карта и за начинот на водење на евиденцијата за издадените лични карти ("Службен весник на СРМ" бр. 15/88).

Член 13

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 октомври 2007 година.

Бр. 13.1-59566/1
20 септември 2007 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
м-р **Гордана Јанкулоска,** с.р.

Образец бр.1

**МИНИСТЕРСТВО ЗА**
**ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**До: Подрачна единица на МВР**
______________________________

**БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЧНА КАРТА**

**ТИП - А**

**Предмет на барање (да се заокружи еден од основите)**
* прва лична карта
* замена поради истечен рок на важење
* дупликат лична карта (изгубена или оштетена)
* промена на податоци ( адреса или лично име)

**Податоци за подносителот на документот**

ИМЕ 1.мак јазик______________________________
2.еден од наведените јазици и писмо______________________________

ПРЕЗИМЕ 1.мак кирилица______________________________
2.еден од наведените јазици и писмо______________________________
ЗА ОМАЖЕНИ (моминско презиме )______________________________
ИМЕ НА РОДИТЕЛИТЕ______________ ______________
Татко мајка
-ДЕН, МЕСЕЦ И ГОДИНА НА РАЃАЊЕ ______________ ______________
-МЕСТО НА РАЃАЊЕ, лице родено во странство ја запишува и државата
______________________________________________
-МАТИЧЕН БРОЈ ______________________________
-ПОЛ И НАЦИОНАЛНА ПРИПАДНОСТ______________________________

-ЖИВЕАЛИШТЕ И АДРЕСА ______________________________
ДРЖАВЈАНСТВО ______________________________

**ПОДАТОЦИ ЗА ПРЕТХОДЕН ДОКУМЕНТ НА ПОДНОСИТЕЛОТ**

ПРЕТХОДНО ЖИВЕАЛИШТЕ И АДРЕСА______________________________
БРОЈ НА ЛИЧНА КАРТА______________________________
ОРГАН КОЈ ЈА ИЗДАЛ______________________________

**ПОДАТОЦИ ЗА МАЛОЛЕТНИ ДЕЦА НА ПОДНОСИТЕЛОТ**
**НА БАРАЊЕТО** 1.______________________________
2.______________________________
3.______________________________
-Согласност од родителите-старателот за издавање на лична карта
на лице од 15-18 години Родители/Старател

| | Презиме | Име | МБ | Сродство | Потпис |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | | | | | |
| 2. | | | | | |

ЗАБЕЛЕШКА______________________________
-Барам моето лично име во личната карта да биде испишано и на

турски јазик, влашки јазик, српски јазик, ромски јазик, бошњачки јазик
(да се заокружи еден од наведените јазици и писмо)

Дата и подрачна единица
на МВР на поднесување ______________________

Потпис на подносителот ______________________

Потпис на службено лице кое го примило барањето______________________

Образец бр.2

МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА/
MINISTRIA PËR PUNË TË BRENDSHME E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË

До: Подрачна единица на МВР /Njësia rajonale e MPB-së

______________________________

**БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЧНА КАРТА/**
**KËRKESË PËR DHËNIE TË LETËRNJOFTIMIT**

**ТИП –Б LLOJI-B**

**Причина за барање (да се заокружи еден од основите)/Arsyeja e kërkesës (të rrethohet njëra nga arsyet)**
*** прва лична карта/letërnjoftimi i parë**
*** замена поради истечен рок на важење/ndërrim i letërnjoftimit për shkak të skadimit të afatit**
*** дупликат лична карта (изгубена или оштетена)/letërnjoftim duplikatë (e humbur ose e dëmtuar)**
*** промена на податоци (адреса или лично име)/ndryshim i të dhënave (adresa dhe emri personal)**

**Податоци за подносителот на документот/Të dhëna për parashtruesin e dokumentit**

**ИМЕ/EMRI 1.мак јазик/gjuhë maq.**______________________________

**2. албански јазик/ gjuhë shqipe** ______________________________

**ПРЕЗИМЕ/MBIEMRI, 1.мак јазик/gjuhë maq.**______________________________

**2. албански јазик/ gjuhë shqipe**______________________________

**ЗА ОМАЖЕНИ (моминско презиме)/PËR TË MARTUARAT (mbiemri i vajzërisë)**
**1.мак јазик/gjuhë maq.**______________________________
**2. албански јазик/ gjuhë shqipe** ______________________________

**ИМЕ НА РОДИТЕЛИТЕ/EMRAT E PRINDËRVE**
**1.мак јазик/gjuhë maq. 2. албански јазик/ gjuhë shqipe**______________________________
**Татко /Babai Мајка/Nëna**

**-ДЕН, МЕСЕЦ И ГОДИНА НА РАЃАЊЕ/DITA, MUAJI DHE VITI I LINDJES**
**1.мак јазик/gjuhë maq.**______________________________
**2. албански јазик/ gjuhë shqipe**______________________________

**-МЕСТО НА РАЃАЊЕ, лице родено во странство ја запишуваат и државата/ VENDI I LINDJES/personi që është lindur në shtet të huaj shkruan edhe shtetin**
**1.мак јазик/gjuhë maq.**______________________________
**2 албански јазик/ gjuhë shqipe** ______________________________

**-МАТИЧЕН БРОЈ /NUMRI I AMZËS**______________________________

**-НАЦИОНАЛНА ПРИПАДНОСТ/PËRKATËSIA NACIONALE**
**1.мак јазик/gjuhë maq.**______________**2. албански јазик/ gjuhë shqipe**______________
**-ПОЛ/GJINIA_1.мак јазик/gjuhë maq.**__________**2. албански јазик/ gjuhë shqipe** ________

**-ЖИВЕАЛИШТЕ И АДРЕСА/VENDBANIMI DHE ADRESA**
**1.мак. јазик/gjuhë maq.**______________________________
**2.албански јазик/gjuhë shqipe**______________________________

**ДРЖАВЈАНСТВО/SHTETËSIA 1.мак. јазик/ gjuhëmaq.**______________________________
**2. албански јазик/ gjuhë shqipe**______________________________

ПОДАТОЦИ ЗА ПРЕТХОДЕН ДОКУМЕНТ НА ПОДНОСИТЕЛОТ/
TË DHËNAT MBI DOKUMENTIN PARAPRAK TË PARASHTRUESIT

ПРЕТХОДНО ЖИВЕАЛИШТЕ И АДРЕСА/VENDBANIMI DHE ADRESA E MËPARME
1.мак јазик/gjuhë maq.________________________________________________
2. албански јазик/ gjuhë shqipe ________________________________________
БРОЈ НА ЛИЧНА КАРТА/NUMRI I LETËRNJOFTIMIT____________________
ОРГАН КОЈ ЈА ИЗДАЛ/ORGANI QË E KA LËSHUAR
1.мак јазик/gjuhë maq.____________2. албански јазик/ gjuhë shqipe _______________

НОВО ЖИВЕАЛИШТЕ И АДРЕСА/VENDBANIMI DHE ADRESA E RE_
1.мак јазик/gjuhë maq.__________________________________________
2. албански јазик/ gjuhë shqipe ___________________________________

ПОДАТОЦИ ЗА МАЛОЛЕТНИ ДЕЦА НА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО/
TË DHËNAT PËR FËMIJËT E MITUR TË PARASHTRUESIT TË KËRKESËS
1.________________________________________
2.________________________________________
3.________________________________________

-Согласност од родителите-старателот за издавање на лична карта на лице од 15-18 години/Pëlqim nga prindërit-tutori për dhënie të letërnjoftimit, të personave rrej 15-18 vjet

Родители/Старател/Prindërit/Tutori
Презиме/Mbiemri Име/emri МБ/NA Сродство/Farefisnia
Потпис/Nënshkrimi
1.____________________________________________________________
2.____________________________________________________________

ЗАБЕЛЕШКА/VËREJTJE______________________________________________

Дата и подрачна единица на МВР наподнесување/___________________________
Data dhe njësia rajonale e MPB-së ku është parashtruar kërkesa

Потпис на подносителот/nënshkrimi i parashtruesit ___________________________

Потпис на службено лице кое го примило барањето
Nënshkrimi i personit zyrtar që ka pranuar kërkesën______________________________

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Образец бр.3

**ПОТВРДА ЗА ПОДНЕСЕНО БАРАЊЕ ЗА ЛИЧНА КАРТА И ЗА НАЧИНОТ НА ИСПИШУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ ВО ЛИЧНА КАРТА**

МВР .....
Барање за: ЛИЧНА КАРТА Тип А
Причина за барање:
Јазик: Постапка:

Бр. на барање: матичен број.:

**Лични податоци**

**Презиме**
Македонски јазик:
Писмо на националноста:
ICAO:

**Име**
Македонски јазик:
Писмо на националноста
ICAO:

**Место на раѓање**
Македонски јазик
ICAO:

X X X

**Датум на раѓање:** **Пол:**
Државјанство:

**Живеалиште:**
Македонски јазик:
ICAO:

**Адреса:**
Македонски јазик:
ICAO:

**Родител/старател**
Сродство 1:
матичен број. 1:
Име Презиме 1:
Сродство 2:
матичен број. 2:
Име Презиме 2:

**Административни податоци**

| ____________________ | ____________________ | ____________________ |
|---|---|---|
| Датум на поднесување на барање | Место на поднесување на барање | Службеник за пријавување |

**Се согласувам со податоците во потврдата:**

| ____________________ | ____________________ |
|---|---|
| Потпис на барателот | Потпис на службеникот кој ја примил потвдата |

**Согласност за издавање на ЛИЧНА КАРТА на малолетно лице**

| ____________________ | ____________________ |
|---|---|
| Потпис на родител / старател | Потпис на родител / старател |

**Потребни документи**
Документи / Статус / Референтен број / Датум на издавање

01:
02:
03:
04:
05:
06:
07:
08:
09:
10:
11:
12:
13:
14:
15:
16:
17:
18:
19:
20:
21:
22:
23:
24:
25:
26:
27:
28:
29:

ЛИЧНА КАРТА со број ______________

издаден/а на ________ со важност до ________ е подигнат/а на

________________ во ________________
Датум Место

_____________________________________
Потпис на службеникот кој го врачил документот

_____________________________________
Одобрено од

_____________________________________
Потпис на примателот

✂- - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - -

**Потврда**

**Се потврдува приемот на барањето за издавање на ЛИЧНА КАРТА**

**Бр. на барање:**

**матичен број.:**

**Име**

**Тип на документ**
ЛИЧНА КАРТА Тип А

**Презиме**

**Место на поднесување**

**Пол**

**Датум на поднесување**

**Датум на раѓање**

_____________________________________
Потпис на службеникот за пријавување

Образец бр.4

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА /**
**Ministria e punëve të brendshme e Republikës së Maqedonisë**

**ПОТВРДА ЗА ПОДНЕСЕНО БАРАЊЕ ЗА ЛИЧНА КАРТА И ЗА НАЧИНОТ НА ИСПИШУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ ВО ЛИЧНА КАРТА /**
**Vërtetim për kërkesën e parashtruar dhe mënyrat e të shkruarit të dhënave në LETËRNJOFTIMIT**

МВР ..... / MPB .....
Барање за/Kërkesë për: ЛИЧНА КАРТА Тип Б / LETËRNJOFTIMIT Tipit B
Причина за барање/Arsye për kërkesë:
Јазик/Gjuha: Албански / shqipe    Постапка/Procedura:

Бр. на барање/Numri i kërkesës:    матичен број./Numri i amzës:

**Лични податоци/Të dhënat personale**

**Презиме/Mbiemri**
Македонски јазик/Gjuhë maqedone:
Албански јазик/Gjuhë shqipe:
ICAO:

**Име/Emri**
Македонски јазик/Gjuhë maqedone:
Албански јазик/Gjuhë shqipe:
ICAO:

**Место на раѓање/Vendi i lindjes**
Македонски јазик/Gjuhë maqedone:
Албански јазик/Gjuhë shqipe / ICAO:

X X X

**Датум на раѓање/Data e lindjes:**    **Пол/Gjinia:**
Државјанство/Shtetësi:

**Живеалиште/Vendbanimi:**
Македонски јазик/Gjuhë maqedone:
Албански јазик/Gjuhë shqipe / ICAO:

**Адреса/Adresa:**
Македонски јазик/Gjuhë maqedone:
Албански јазик/Gjuhë shqipe / ICAO:

**Родител/старател/ Tutori**
Сродство/ALRelShip 1:
матичен број./Numri i amzës 1:
Име Презиме/Emri Mbiemri 1:
Сродство/ALRelShip 2:
матичен број./Numri i amzës 2:
Име Презиме/Emri Mbiemri 2:

**Административни податоци/Të dhënat administrative**

Датум на поднесување на барање/ Data e parashtrimit të kërkesës

Место на поднесување на барање/ Vendi i parashtrimit të kërkesës

Службеник за пријавување/ Zyrtari për tiu paraqitur

**Се согласувам со податоците во потврдата/Pajtohem me të dhënat në vërtetimin:**

Потпис на барателот/ Nënshkrimi i parashtruesit

Потпис на службеникот кој ја примил потврдата/ Nënshkrimi i personit zyrtare që ka leujar kërkesën

**Согласност за издавање на ЛИЧНА КАРТА на малолетно лице/**
**Pëlqim për lëeshimin e LETËRNJOFTIMIT për persona tëe moshës së mitur**

Потпис на родител / старател/ Nënshkrimi i prindërit / tutorit

Потпис на родител / старател/ Nënshkrimi i prindërit / tutorit

**Потребни документи/Dokumentet e duhura**
Документи / Статус / Референтен број / Датум на издавање
Dokumentet / Statusi / Numri referes / data e lëshimit

01:
02:
03:
04:
05:
06:
07:
08:
09:
10:
11:
12:
13:
14:
15:
16:
17:
18:
19:
20:
21:
22:
23:
24:
25:
26:
27:
28:
29:

ЛИЧНА КАРТА со број / LETËRNJOFTIMIT me numër ____________

издаден/а на/lëshuar më ________ со важност до/me vlerë deri më ________ е подигнат/а на/e marur më

____________ во/ne ____________
Датум/Data Место/Vendi

________________________
Потпис на службеникот кој го врачил документот/
Nënshkrimi i personit zytar që ka dorëzuar dokumentet

________________________
Одобрено од/
Nënshkrimi i personit одобрил dokumentet

________________________
Потпис на примателот/Nënshkrimi i pranuesit

✂- - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - -

**Потврда/Vërtetim**

**Се потврдува приемот на барањето за издавање на ЛИЧНА КАРТА/**
**Vërtetohet pranimi i kërkesëes për lëshim të LETËRNJOFTIMIT**

**Бр. на барање/Numri i kërkesës:**

**Име/Emri**

**Презиме/Mbiembri**

**Пол/Gjinia**

**Датум на раѓање/Data e lindjes**

**матичен број./Numri i amzës:**

**Тип на документ**
ЛИЧНА КАРТА Тип Б / LETËRNJOFTIMIT Tipit B

**Место на поднесување/Vendi i parashtrimit**

**Датум на поднесување/Data e parashtrimit**

________________________
Потпис на службеникот за пријавување/Nënshkrimi i personit zyrtarë

Образец бр. 5




Предна страна




Задна страна

Образец бр. 6




Предна страна




Задна страна